# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ТРЕТИОТ ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД
# ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013

Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, на 28.02.2011 објави трет јавен повик за доставување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013. Со него беа понудени средства за кофинансирање во вкупен износ од над 20 мил. ЕУР во денарска противвредност, од кои 75% средства се обезбедени од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) и 25% средства се од Буџетот на Република Македонија.
Во рамките на овој јавен повик, за кој рокот за поднесување барања заврши на 14.04.2011 година, добиени се 74 барања за користење на средства по трите објавени мерки и тоа:

- за мерка 101 – Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктурирање и надградба со цел достигнување на стандардите на Европската Унија, добиени се 39 барања,
- за мерка 103 – Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи со цел нивно преструктурирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија пристигнаа 13 барања и
- за мерка 302 – Диверзификација и развој на рурални економски активности, 22 барања за користење на средства.

Вкупната вредност на инвестициите по однос на примените барања изнесува околу 7,3 милиони евра, или побаран износ за кофинансирање од 3,7 милиони ЕУР.

Согласно Годишниот План за објавување на јавни повици, во 2011 година се планира објавување на уште два јавни повика за користење на средства од ИПАРД Програмата и тоа во текот на месец јули и во текот на месец октомври 2011 година.